

МАРТА НАУМОВСКА–ГРНАРОВА генерален менаџер на Завар компани. Во позадина е еден од дизајните на радијаторите од инокс, најнов производ во асортиманот на компанијата.

# КОГА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИНОКС ФЛЕРТУВААТ СО УМЕТНОСТА

ИГОР ПЕТРОВСКИ
igor@kapital.com.mk

Кон крајот на 80-те години, периодот што го паметиме како “златно време” на просторите на поранешна Југославија, обичниот народ уживаше во плодовите на економската политика на тогашниот сојузен премиер, Анте Марковиќ, радувајќи се на големиот избор на увезена техничка стока, евтини банани и германско чоколадо. Тоа беше време кога срамежливо почнуваа да се појавуваат никулците на приватната иницијатива во бизнисот, во рамки колку што дозволуваше тогашниот закон, се разбира. Токму во тие времиња на релативна благосостојба, поточно во 1988 година, и Јован Наумовски, директор во Институтот за заварување, реши да си ја проба среќата како претприемач. Ја напушти сигурната работа и со позајмени неколку илјади марки од своите роднини почна да работи во сутеренот на својата куќа, кој го претвори во заварувачка работилница, односно мала семејна компанија, Завар .

Иако неговите блиски и познаници се чуделе на оваа одлука на Наумовски, тој си го слушал својот внатрешен инстикт, верувајќи во своето знаење, искуство и визијата да направи нешто многу поголемо во својата кариера и животот.

И излезе дека не се излажал. Она што почна како работилница, денес, по дваесетина години, е една од водечките фирми за производство на процесна опрема во Македонија и регионот, чија главна одлика е експертизата во заварувањето, поле кое Наумовски суверено го владее. Наумовски е веќе во пензија, задржувајќи ја позицијата на претседател на Управниот одбор, предавајќи ја управувачката палка на својата ќерка, Марта Наумовска-Грнарова, на нејзиниот сопруг, а секако и својата советодавна помош на нив двајцата, но и на сите останати вработени во Завар компани. Токму со Наумовска-

Грнарова разговаравме за она што е Завар денес и каква е визијата на компанијата за нејзината иднина.

### РАДИЈАТОРИ ОД ИНОКС КАКО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА

Наумовска-Грнарова вели дека тенденцијата на Завар отсекогаш била да стане европска фирма според квалитетот на производите и стандардите во работењето. Токму затоа, покрај веќ е применетите ИСО стандарди кои веќе се must have доколку сакате кој било бизнис-партнер и клиент да ве сфати сериозно, Завар се подготвува за воведување на нов стандард, Оксас, кој што се однесува на заштитата при работа. Во таа насока е и интересот на Завар за ИСО 26000, стандард кој е штотуку излезен и се однесува на корпоративната општествена одговорност. "Тенденцијата ни е постојано да го зголемуваме асортиманот на нашите производи за потребите на клиентите што ги опслужуваме. Завар компани не е брзорастечка компанија, во смисла да купиш нова машина и двојно да го зголемиш производството. Производството на процесна опрема бара големо знаење и искуство, така што не може да се зборува за брза експанзија во услови кога градењето на квалитетниот кадар е скап и долготраен процес. Завар компани уште од првиот ден, што се вели, има континуиран раст, за во 2007 година, во времето на големата светска и домашна експанзија, да имаме раст на производството од дури 40%. Но, тоа, сепак, не е одржливо на долг рок, па затоа сме концентрирани на стабилен развој, со производи кои во себе содржат висок степен на додадена вредност", вели Наумовска-Грнарова.




Она што почна како мала работилница во сутерен од семејна куќа, денес, по дваесетина години, е една од водечките фирми за производство на процесна опрема во Македонија и регионот, чија главна одлика е експертизата во заварувањето. Со своите најнови производи, радијаторите од инокс, Завар освојува и сегмент што е различен од основната дејност и навлегува во сферата каде што дизајнот на индустриските производи преминува во уметност

Портфолиото на Завар компани е комбинација од производство и услуги - производство на процесна опрема и машини од нерѓосувачки челик, процесна опрема од конструктивен и останати легирани челици, цевководи, одржување, репаратурно заварување и продолжување на векот на опрема, дизајн на елементи за градежништво...

"Во Македонија, практично целата индустрија ни е клиент, затоа што сите што правеле некоја инвестиција имале потреба од нашите производи и услуги. Но, нашиот пазар не е доволен. Нам не може една компанија да ни биде постојано клиент, затоа што не се инвестира секој ден. Една фармацевтска компанија или металургија ќе направи инвестиција еднаш во три или пет години. За нашата работа се потребни многу клиенти. Ние не можеме да се врземе со еден или два клиенти и да се потпираме на бизнисот со нив", вели генералниот менаџер на Завар компани.

А, нешто што е најново во портфолиото на Завар и има различен пристап од тоа што е главна дејност на компанијата се дизајнираните радијатори од нерѓосувачки челик – инокс - производ наменет за европскиот пазар.

"Ова е релативно нова подгранка на индустријата за производство на радијатори, која кореспондира на новите потреби на потрошувачите кои бараат радијаторите, како и останатите апарати во едно домаќинство, да се вклопуваат во ентериерот како своевидни мали уметнички дела. Тоа е специфичен производ од што треба да се изгради европски бренд кој ќе биде допрва препознаен кај потрошувачите", објаснува Наумовска-Грнарова.

### НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НЕ Е ЕДИНСТВЕНО РЕШЕНИЕ ЗА КРИЗАТА

Ја прашавме нашата соговорничка како Завар компани ја поднесува економската криза која го стресе светот и неизбежно ја погоди и Македонија. Таа вели дека кризата за компаниите не е само време за кратење трошоци, туку и соочување со реалноста дека на пазарот се појавија сосема нови услови.

"Колку побрзо една компанија го сфати тоа, толку подобро.

Кризата е време на преиспитување на бизнис-идејата на секоја фирма.

Тука доаѓаат до израз технолошките иновации.

Ние не ги намаливме цените заради кризата, иако ситуацијата беше таква што некои фирми се доведоа во ситуација да се борат на пазарот со цени што не се доволни ни за трошоците за производство", вели Наумовска-Грнарова.

Таа додава биле принудени

ИСТОРИЈАТА НА ЗАВАР КОМПАНИ

# КАКО РАБОТИЛНИЦАТА ОД СУТЕРЕНОТ СТАНА ФАБРИКА



Работници на Завар компани, работат на проект со дигалката, една од покрупните инвестиции на компанијата.

Завар компани почнала со понуда на висококвалитетни услуги на заварување пред 22 години, меѓутоа, основачот на фирмата, Јован Наумовски, набрзо ја согледал и потребата од воведување на производи кои ќе го содржат заварувањето како процес, па во 1990 година ја преселил работилницата во друг објект, каде што почнала полека да се формира мала фабрика за преработка на метали. Како што во раните 90-ти години почнале да се појавуваат иљадници мали бизниси, од кои дел во хемиската, прехранбената и останатите индустрии, што можел да ги опслужува Завар со своите производи, така растел и бизнисот на компанијата. Во 1997 година фирмата развила сопствена линија за потребите на малите млекарници, кои исто така се намножиле во тој период во земјава. Во 1998 година компанијата веќе има 15 работници, а во тој период во бизнисот се вклучува и нашата соговорничка Марта Наумовска-Грнарова, заедно со сопругот, на почетокот на инженерски позиции, а постепено ги развивале и своите менаџерски капацитети.

Со тек на време, кога во Завар компани виделе дека домашниот пазар почнува да станува премал за нивните капацитети, решаваат дека нема друга алтернатива освен извозот. Во 1998 година првпат учествуваат на саем во Загреб, а продолжуваат со инвестиции во нови машини и развој на нови линии производи. Во 2001 година почнуваат со производство на т.н. “чисти цевководи” за прехранбена и фармацевтска индустрија, каде што се бара екстремна чистота која бара посебни технологии. Потоа следува производството на високопритисни цевководи, компанијата расте, бројот на вработени во 2003 година расте на 40. Во 2004 година поради светските трендови и специјализираноста на Завар во нерѓосувачкиот челик и тенденцијата во градежништвото да се употребуваат овие елементи, Завар компани влегува и во тој сегмент со понуда на дизајнирани елементи од нерѓосувачки челик – контури, конструкции, скали и други декоративни елементи. Во 2005/2006 година се воведуваат стандардите ИСО 9001 и ИСО 14000, а во 2007 година производството се сели во новиот погон во населбата Илинден на 1.000 квадратни метри, кои денеска се веќ е удвоени. Во 2007 извозот сочинува 40% од пласманот на Завар, следната година половина. Од 2007 година наваму Завар е излагач на Ханover Месе, најголемиот саем на индустрија во Германија.

Во 2008 година бројот на вработени се искачува на 70, а во 2009 година се воведува стандардот за заварување ИСО 3834-2 и Завар почнува изградба на нов производствен погон.



Високата експертиза во заварувањата беше и остана заштитниот знак на компанијата

да прекинат соработка со долгогодишни европски клиенти кои ја искористиле кризата за да побараат цени со кои Завар практично требало да работи со загуба.

“Нашата реакција на кризата беше внатрешно реструктурирање, подобрување на перформансите на вработените, зголемувaање на продуктивноста, лансирање на нови производи и тенденција да се задржи цената, но со понуда на додадена вредност што ќе ве издвои од конкуренцијата”, објаснува Наумовска-Грнарова.

Инаку, успешната бизнис-приказна на Завар компани досега во повеќе наврати била препознаена од странските организации кои во Македонија се активни во давањето финансиска и друг вид поддршка на производни фирми и ја вклучиле Завар во своите проекти. Еден од нив беше SIPPO, поддржан од швајцарската Влада, кој се занимаваше со промоција на увозот во Швајцарија од земјите во развој, но и нивен пробив на други надворешни пазари. Завар со нивна помош изложувал на саемот во Ханover и бил прогласени за најуспешна приказна во рамките на компаниите со кои соработува SIPPO.

Исто така, учествувале во дел од проектот за конкурентност на УСАИД, наменет за помош на компаниите за пристап до финансии. Конкретно, во нивниот случај било изработка на бизнис-план за експанзија на компанијата. Годинава заедно со SIPPO имало иницијатива за првпат да се оформи национален штанд на саемот во Ханover, од кој бил дел и Завар.